КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА



СОБРАНИЕ

НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

2020 ГОДИНА

Скопје, јануари 2020 година

Врз основа на член 28, став 1 од Статутот на Карате федерацијата на Македонија, свикувам Изборно Собрание на КФМ со следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на работни тела на Собранието:
   - Верификациона комисија;
   - Изборна комисија;
   - Записничар и
   - Оверувачи на записникот.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2019 до 31.12.2019 година;

3. Извештај на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2019 до 31.12.2019 година;

4. Финансов извештај на Карате федерацијата на Македонија за 2019 година и негово усвојување со завршната сметка, за периодот 01.01.2019 до 31.12.2019 година;

5. Избор на Претседател, членови на Извршниот одбор и Надзорниот одбор.

6. Разгледување и усвојување на Програма за работа на Карате федерацијата на Македонија, и Финансиски план за периодот 01.01.2020 до 31.12.2020 година;.

7. Прием на нови членови-клубови во КФМ;

8. Разно, предлози, прашања.

Собранието ќе се одржи во просториите Даре Џамбаз, на ул.11-ти Октомври бр. 42, Скопје, на 25 јануари 2020 година (сабота), со почеток во 11:00 часот.

Право на учество и право на глас имаат клубовите кои ги исполнуваат условите од член 16 и 19 од Статутот на КФМ, односно само клубовите кои имаат платено членарина за 2019 година, имаат решение за вршење дејност спорт и имаат активности/настап на натпревари кои ги организира КФМ во изминатите две години (2018 и 2019 година). Клубовите кои имаат уплатено годишна членарина и ги исполнуваат претходните услови добиваат гласачко картонче.

Согласно со член 26, став 2 од Статутот на КФМ Собранието го сочинуваат претседателите на клубовите-членки на Федерацијата. Претседателот на клубот може да ополномошти и друго лица од клубот кое ќе го претставува клубот на седницата на Собранието.

Сите делегати треба да донесат полномоштво од клубот со печат.

Материјалите по точките од Дневниот ред ќе Ви бидат доставени дополнително во рок утврден во Статутот на КФМ.

Претседател,
Драган Стојановски с.р.

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

СОДРЖИНА

1.Вовед.....**1**

2.Собрание 2019 година.....**2**

3.Годишен Извештај за најзначајни меѓународни активности.....**3**

4.Годишен Извештај за работата на Натпреварувачката Комисија на КФМ.....**4**

5.Годишен Извештај на Дисциплинската Комисија на КФМ.....**5**

6.Годишен Извештај на Судиската Комисија на КФМ.....**6**

7.Годишен Извештај од Лекарската Комисија на КФМ.....**7**

8.Годишен Извештај од Комисијата на Комесари на КФМ.....**8**

9. Годишен Извештај на Регистрациона комисија на КФМ.....**9**

10.Седници на Извршниот Одбор на КФМ.....**10**

11.Седници на Стручниот Совет на КФМ.....**11**

12.Финансиски Извештај од Сервисното сметководство на КФМ за 2019 година.....**12**

13.Национална Програма на КФМ за 2020 година.....**13**

14.Финансиски План за Национална програма на КФМ за 2020 година.....**14**

15.Меѓународна Програма на КФМ за 2020 година.....**15**

16.Финансиски План за Меѓународна програма на КФМ за 2020 година.....**16**

ВОВЕДЕН ДЕЛ – ГОРАН МИЛКОВСКИ

(ЛАНИ БИЛЕ 13 СТРАНИ ЗАКЛУЧНО СО 16ТА)

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

2. СОБРАНИЕ ЗАПИСНИК
ГОДИШНО РЕДОВНО СОБРАНИЕ

Ве информираме дека Карате федерацијата на Македонија на ден 26.01.2019 година, одржа редовно Годишно собрание, на кое присуствуваа делегати од 63 клубови од кои 44 клубови со право на глас. На седницата на Собранието присуствуваше и преставник од Агенцијата за Млади и Спорт, господинот Томислав Андоновски и претставникот од Сојузот на спортски федерации на Република Македонија господинот Борче Боев.

Собранието ги донесе следните одлуки и заклучоци:

1. Едногласно ги избра работните тела во следниот состав:
   - Верификациона комисија: Ахмеди Марукиќ и Лазар Јорданов.
   - Записничар: Игор Миноски.
   - Оверувачи на записникот: Даут Билибани.
2. Собранието со мнозинство гласови го усвои Дневниот ред доставен до членките на Карате федерацијата на Македонија;
3. Собранието, едногласно го усвои Записникот од Собранието на КФМ, одржано на 20.01.2018 година;
4. Членовите на собранието едногласно го усвоија предложениот Деловник за работа на Собранието на Карате федерацијата на Македонија;
5. По однос на барањето на Карате Сојузот за членство во Карате федерацијта на Македонија, претставникот на Извршниот одбор г-дин Зоран Ѓорѓески, истакна дека барањето е спротивно на членот 16 став 2 и од Статутот на Карате федерацијата на Македонија и Извршниот одбор по истото го одбива таквото барање. По истата точка собранието го одби барањето на Карате Сојузот за прием во КФМ.
6. Собранието едногласно ја прифати Предлог Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Карате федерацијата на Македонија.
7. Собранието на КФМ, по опстојна дискусија, со мнозинство гласови, го усвои Извештајот за работа на КФМ за периодот 01.01.2018 до 31.01.2018 година;
8. За нов член и претседател на Одборот за контрола на Карате федерацијата на Македонија Извршниот одбор го предложен Арбен Алији, а собранието истиот едногласно го прифати.
9. Извештај на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на Македонија, за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, беше едногласно прифатен.
10. По однос на Финансов извештај на Карате федерацијата на Македонија за 2018 година и негово усвојување со завршната сметка, за периодот 01.01.2018 до 31.12.2018 година, г-динот Зоран Ѓорѓески истиот го образложи а истиот собранието едногласно го усвои.
11. Програма за работа на Карате федерацијата на Македонија и Финансиски план за периодот 01.01.2019 до 31.12.2019 година.
12. Собранието ги осуди шпекулациите за наводните неправилности во однос на финансиското работење на КФМ од поедини членови.
13. Собранието на КФМ, едногласно ги прими за членки на Карате федерацијата на Македонија следните карате клубови: Карате клуб Армор од Гевгелија, Карате клуб Центар од Скопје, Карате клуб Пејов од Скопје, Карате клуб Кисела Вода, Карате клуб Олимпик карате.

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

3. Годишен извештај на најзначајни меѓународни активности – резулатати

Карате федерацијата на Македонија според Календарот за 2019 година успешно ги реализираше активностите во нејзината програма и тоа:

Меѓународна програма:

ВРЕМЕ	НАСТАН	ЛОКАЦИЈА
25-27.01.2019	Премиер лига	Париз, Франција
08-10.02.2019	Европско првенство за кадети, јуниори и У21	Алборг, Данска
15-17.02.2019	Премиер лига	Дубаи, ОАЕ
02-04.03.2019	Серија А	Салзбург, Австрија
28-31.03.2019	Европско првенство за сениори	Гвадалахара, Шпанија
06-07.04.2019	Медитеранско првенство	Анталија, Турција
19-21.04.2019	Премиер лига	Рабат, Мароко
26-27.04.2019	21-во Балканско првенство за сениори	Чачак, Србија
17-19.05.2019	Серија А	Истанбул, Турција
31.05-02.06.2019	24-то Балканско првенство за деца	Бања Лука, БиХ
07-09.06.2019	Премиер лига	Шангај, Кина
29-30.06.2019	Европски игри	Минск, Белорусија
05-07.07.2019	Младинска лига	Умаг, Хрватска
06-08.09.2019	Премиер лига	Токио, Јапонија
04-06.10.2019	Премиер лига	Москва, Русија
23-27.10.2019	Светско првенство за кадети, јуниори и У21	Сантјаго, Чиле
29.11-01.12.2019	Премиер лига	Мадрид, Шпанија
15.12.2019	Балкански карате турнир	Скопје, Македонија
13-15.12.2019	Младинска лига	Венеција, Италија

Државни првенства:

ВРЕМЕ	НАСТАН	ЛОКАЦИЈА
23.02.2019	Државно првенство за сениори	Скопје
24.02.2019	Play-off турнир за сениори	Скопје
04-05.05.2019	Државно првенство за деца	Кавадарци
31.08.2019	Државен изборен турнир за кадети, јуниори и У21	Скопје
16-17.11.2019	Државно првенство за кадети, јуниори и У21	Скопје
23-24.11.2019	Плеј-оф турнир за кадети, јуниори и У21	Скопје
14-15.12.2019	Трофеј Македонија	Скопје

Клубски турнири:

ВРЕМЕ	НАСТАН	ЛОКАЦИЈА
09.03.2019	Фунакоши Гичин Опен 2019 - КК Фунакоши Гичин - Скопје	Скопје
31.03.2019	Солидарност Опен 2019 - КК Солидарност - Скопје	Скопје
06.04.2019	Меморијален турнир Димче Кичевски - КК Скопје - Скопје	Скопје
13.04.2019	Гази Баба Опен 2019 - КК Тигар - Скопје	Скопје
19.05.2019	Охрид Опен 2019 - КК Чоле - Охрид	Охрид
14.09.2019	Јубилеен карате турнир 50 години Тиквеш	Кавадарци
22.09.2019	Златен Куп Тетово 2019 - КК Шкендија - Тетово	Тетово
05.10.2019	Струга Опен 2019 - КК Дрини - Струга	Струга
12.10.2019	Меѓ. турнир Никола Грдановски Нике - КК Металург - Скопје	Скопје
19.10.2019	Куп на Гостивар 2019	Гостивар
03.11.2019	Тетово Опен 2019 - КК Фати - Тетово	Тетово
10.11.2019	Меѓ. турнир 13-ти Ноември - КК Цветан Димов - Скопје	Скопје

46-то Европско карате превенство за кадети, јуниори и помлади сениори У- 21 одржано на ден 08-10 Февруари 2019 година во Алборг - Данска.

Европско првенство беше организирано од страна на Данската Карате Федерација и се одржа во спортската сала Гигантиум во Алборг. Репрезентацијата на Република Македонија се претстави во машка и женска конкуренција во сите категори во кумите и ката во кадети и јуниорки според предвидената програма .



Заедничка слика на нашата репрезентација

Табеларен приказ на покажаните резултати за секој меч на нашите репрезентативци во Европското првенство во Алборг – Данска

Р.Б	Име и Презиме	Категорија	Борби	Број на победи	пласман
1	Владанка Аврамова	Јуниори Ката женски	Не помина ни првиот круг, според поени се рангира: 17	0	Без пласман
2	Александар Неделковски	Јуниори Ката машки	Помина прв круг , во втор круг изгубил, според поени се рангира: 11	1	Без пласман
3	Кристијан Бајовски	Кадети Ката машки	Не помина првиот круг, според поред поени се рангира: 21	0	Без пласман
4	Јована Манчевска	Кадети Ката женски	Не помина првиот круг, според поени се рангира на: 21	0	Без пласман
5	Матеа Талеска	У-21 Ката женски	Не помина гопрвиот круг, според поени се рангира на: 21	0	Без пласман
6	Владанка Аврамова СтефанијаГрозданова Миа Маневска	Кадет-Јуниор Ката тим женски	Помина прв круг , во втор круг изгубиле, според поени се рангира: 7	1	Без пласман
7	Ивона Станковска	Кадети кумите женски - 47кг	**1 Коло** (Хрватска 2:0) Победа, **2 Коло** (Португалија 0:0) пораз,	1	Без пласман

8	Магдалена Божиновска	Кадети кумите женски +54кг	**1 Коло** (Израел 0:2) Пораз	0	Без пласман
9	Бојан Костов	Кадети кумите машки -57 кг	**1 Коло** (Холанда 3:1)Победа, **2 Коло** (Словакиа 2:0)Победа, **3 Коло** (Италиа 1:0)Победа, **4 Коло** (Германиа 0:0)Победа, **Финале** (Русија 8:0) Пораз	4	**2 место**
10	Омер Муслији	Кадети кумите машки -63 кг	**1 Коло** (Ѓероѓиа 1:0)Пораз	0	Без пласман
11	***Стефан Стојановиќ***	Кадети кумите машки -70кг	**1 Коло** (Мацарска 3:0)Победа, **2 Коло** (Шкотска 4:0)Победа, **3 Коло** (Латвиа 1:5)Пораз, **Репасаж** **1 Коло** (Полска 0:8)Пораз	**2**	**7** место
12	Антонио Додиќ	**Кадети кумите машки +70кг**	**1 Коло** (Германиаја 0:1)Пораз	0	Без пласман
13	Букурије Селими	**Јуниои кумите женски -48 кг**	**1 Коло** (Германиаја 0:0)Пораз	0	Без пласман
14	Марија Милева	**Јуниорки кумите женски -53кг**	**1 Коло** (Швајцарија 1:3) Пораз	0	Без пласман
15	Абдурахим Идризи	**Јуниори кумите Машки -55 кг**	**1 Коло** (Ѓеорѓија 0:0)Победа, **2 Коло** (Белорусија 0:1)Пораз	1	Без пласман
16	Илир Бајрами	**Јуниори кумите Машки -61 кг**	**1 Коло** (Шпаниај 4:1)Победа, **2 Коло** (Кипар 0:3)Пораз	1	Без пласман
17	Марио Свинарски	**Јуниори кумите машки -68 кг**	**1 Коло** (Шпанија 1:3) Пораз	0	Без пласман
18	Мемеди Мевлуд	**Јуниори кумите Машки -76кг**	**1 Коло** (Франција 1:3) Пораз	0	Без пласман
19	***Глигор Петков***	**Јуниори кумите Машки +76 кг**	**1 Коло** (Финска 1:0)Победа, **2 Коло** (Дансак 0:0)Победа **3 Коло** (Словакија 1:0)Победа, **4 Коло** (Русија 4:1)Победа **Финале** (Ирска 8:0) Пораз	**4**	**2 место**
20	Верона Ајдини	**У-21 кумите женски -50кг**	**1 Коло** (Романија 0:4)Пораз	0	Без пласман
21	Сара Крстевска	**У-21 кумите женски -55кг**	**1 Коло** (Бугарса 0:0)Пораз	0	Без пласман
22	Вероника Костевска	**У21 кумите женски -61кг**	**1 Коло** (Данска 1:1)Победа, **2 Коло** (Шветска 0:1)Пораз,	1	Без пласман
23	Мојсовска Ангела	**У-21 кумите женски -68кг**	**1 Коло** (Хрватсак 9:4)Победа, **2 Коло** (Шветска 4:1)Победа, **3 Коло** (Белорусија 0:8)Пораз,	**2**	Без пласман

24	Симона Симовска	**У-21 кумите женски +68 кг**	**1 Коло** (Шветска 2:2)Пораз	1	Без пласман
25	Столе Смилковски	**У-21 кумите Машки -60кг**	**1 Коло** (Косово 2:0)Победа, **2 Коло** (Турска 2:3)Победа,	1	Без пласман
26	Апостоловски Стефан	**У-21 кумите Машки -67кг**	**1 Коло** (Данска 0:4)Победа,	1	Без пласман
27	***Доан Османи***	**У-21 кумите Машки -75кг**	**1 Коло** (Албанија 2:2)Победа, **2 Коло** (Турција 0:0)Победа, **3 Коло** (Холанда 3:1)Победа, **4 Коло** (Грчка 2:0)Победа, **Финале** (Ѓеорѓија 4:0) Победа,	5	**1 Место**
28	***Петар Спасеновски***	**У21 кумите Машки - 84кг**	**1 Коло** (Холандија 1:0)Победа, **2 Коло** (Норвешка 3:0)Победа, **3 Коло** (Босна 0:0)Победа, **4 Коло** (Шкотска 3:0)Победа, **Финале** (Словакија 1:1) Победа,	5	**1 Место**
29	***Кренар Џафери***	**Јуниори кумите Машки +84 кг**	**1 Коло** (Босна 1:0)Победа, **2 Коло** (Шветска 0:0)Победа, **3 Коло** (Азербејџан 0:5)Пораз, **Репасаж** **1 Коло** (Србија 9:0)Пораз	**2**	**7 Мести**





Моментот кога нашиот медалист Петар Спасеновски се закити со златниот медал





Моментот кога нашиот медалист Доан Османи се закити со златниот медал




Со Доан Османи и Петар Спасеновски по прогласувањето Европски шампиони




Глигор Петков на пиедесталот





Бојан Костов на пиедесталот

21 Балканско карате првенство за сениори одржано во Чачак – Србија 25 – 27 Април 2019

Организатор на Балканското првенство беше Карате Федерација на Србија и истото се одржа од 25 – 27 Април 2019 година во градската спортска сала БОРАЦ во Чачак. Нашата репрезентација учествуваше со мал број на репрезентативци во машка и женска конкуренција поединечно според тежинските категории во кумите и ката.



Слика на репрезентативците на Македонија пред поаѓање


ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАНГИРАНИ ДРЖАВИ СПОРЕД ОСВОЕНИ МЕДАЛИ

Р.б	ИМЕ НА ДРЖАВА	Златни	Сребрени	Бронзени	Вкупно
1	СРБИЈА	8	7	8	23
2	ТУРСКА	4	3	3	10
3	БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА	2	2	6	10
4	ХРВАТСКА	1	2	7	10
5	ЦРНА ГОРА	1	1	2	4
6	БУГАРСКА	0	1	1	2
7	МАКЕДОНИЈА	0	0	3	3
8	СЛОВЕНИЈА	0	0	2	2
9	АЛБАНИЈА	0	0	0	0
10	КИПАР	0	0	0	0
11	РОМАНИЈА	0	0	0	0















Моменти од прогласувањето на победниците

Нашата карате федерација на ово Балканско првенство учествуваше со 13 спортисти: 4 женски и 9 машки од вкупно четири клубови кои се преставија 12 репрезентативци во дисциплината кумите и 1 репрезентативец во дисциплината ката .

Сите наши репрезентативци дадоа се од себе да имаат подобар резултат но конкуренцијата беше многу силна. Нашите спортисти освоија три бронзени медалји од кои: **Манговска Драгана – 50 кг.** , **Мојсовска Ангела – 58 кг.** и **Петков Давид – 67кг**.

24-то Балканско Првенство за деца одржано во Бања Лука Р.Босна и Херцеговина од 30/05/2019 - 02/06/2019 година

Технички организатор на Балканско првенство беше Карате Федерација на Босна и Херцеговина ,првенството се одржа во спортска сала „БОРИК“ во Бања Лука. На првенството учествуваше наша репрезентација, која беше претставена во машка и женска конкуренција според предвидената програма во индивидуалната конкуренција во двете карате дисциплини ката и кумите и екипно во ката.



Карате репрезентација на Македонија

Табела на учесници на 24-то Балканско првенство за деца 10-13 години одржано во Бања Лука Р.Б-Х			
Б.р	**Име на Држава**	**Код**	**Вкупно натпрев.**
1	Албанија	ALB	25
2	Босна и Херцеговина	BIH	213
3	Булгарија	BUL	70
4	Хрватска	CRO	104
5	Македонија	MKD	92
6	Црна Гора	MNE	121
7	Романија	ROU	44
8	Србија	SRB	188
9	Словенија	SLO	59
10	Турција	TUR	123
		Вкупно	1039

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ СПОРЕД ОСВОЕНИТЕ МЕДАЛИ НА СИТЕ ЗЕМЈИ КОИ ЗЕМАА УЧЕСТВО НА 24-то Балканско Првенство за деца во Бања Лука					
Бр.	**ДРЖАВА**	**ЗЛАТНИ**	**СРЕБРЕНИ**	**БРОНЗЕНИ**	**ВКУПНО**
1	Турција	18	15	19	52
2	Б и Х	16	12	28	56
3	Црна Гора	7	4	14	25
4	Србија	6	7	17	30
5	Хрватска	5	6	14	25
6	Булгарија	3	4	4	11
7	Македонија	2	2	6	10
8	Романија	1	3	4	8
9	Словенија	0	4	8	12
10	Албанија	0	0	2	2

















Доделувањето на медалјите на победниците